Црвен крст на Република Северна Македонија

# ПРИРАЧНИК



## ЗА ОПШТА ДИСЕМИНАЦИЈА

# 1. ПРОГРАМА ЗА ДИСЕМИНАЦИЈА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



**Во поширока смисла на зборот дисеминација е ширење на знаењата за Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, улогата и мандатот на Меѓународниот комитет на Црвен крст, Меѓународна федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина и активности на национални друштва, основните принципи на Движењето, Меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности.**

Дисеминацијата е една од приоритетните цели на Црвениот крст на Република Северна Македонија (ЦКРСМ) согласно развојните и стратешки планови на организацијата, како законска и статутарна обврска.
Дисеминацијата ја вршат едуцирани кадри (волонтери и професионално вработени) чие оспособување започна од 1995 година од Меѓународен комитет на Црвен крст (МКЦК), а продолжи преку организирани обуки и семинари од страна на ЦКРСМ.

Во профилот на дисеминаторите опфатени се лица со мешана образовна, возрасна, полова и етничка структура. Како целни групи на слушатели се главно ученици од основното и средно образование, студенти, претставници на месна и локална самоуправа, владини и невладини организации и институции и здруженија, како и членови на раководна структура во ООЦК.

Теми кои се обработуваат на презентациите се: историјат на Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, основните принципи, амблемот на Црвениот крст, мандатот и активностите на компонентите на Движењето, активности на Црвен крст на РМ, Меѓународно хуманитарно право со Женевски конвенции од 1949 година, Дополнителни протоколи од 1977 и 2005 година. Во зависност од целната група на слушатели се презентираат и соодветни теми. За презентација се користат печатени и видео материјали, прирачници, флип чартови и нагледни средства.

| **Активности** |
| --- |

**Дисеминациски сесии** - Дисеминаторите од општинските организации на Црвен крст и Градската организација на Црвен крст Скопје месечно вршат дисеминациски сесии во општините со одредување на целни групи на слушатели и во зависност од тоа одржуваат презентации од програмските содржини на дисеминацијата.

**Работилници со дисеминатори** - Заради континуитет на информирањето, извештајно работење, договор за натамошни чекори, за подобро запознавање на дисеминаторите од областа на МХП, и одредбите од Женевските конвенции од 1949 година, Дополнителните протоколи од 1977 и 2005 година и воопшто МХП се организираат средби и работилници со дисеминаторите.

**Едукација на кадри –** Преку семинари на Црвениот крст се врши оспособување на волонтери за реализирање на активности за дисеминација.

## Структура на програмата за дисеминација на ЦКРСМ

**Структуирани целини или алатки за спроведување на програмата за дисеминација**




- Програмска област за *дисеминација* во ЦКРСМ; ○ Комисија за дисеминација во ЦКРСМ, ООЦК и ЦКГС; ○ Центар за дисеминација и комуникација;
- *Црвен крст во акција-промоција на хумани вредности (ЦКА– ПХВ)* - програма;
- *Истражување на хуманитарното право (ИХП)* – програма;
- Дисеминација на *меѓународно хуманитарно право* ○ Национален комитет за МХП;

## 2. ИСТОРИЈАТ НА ДВИЖЕЊЕТО НА ЦРВЕН КРСТ И ЦРВЕНА ПОЛУМЕСЕЧИНА

Идејата за Црвениот крст и за хуманоста се врзува за името на Анри Динан кој по широчината на својот дух и со длабока љубов кон човекот можел да иницира формирање на таква хуманитарна организација.

Анри Динан е роден на 8-ми мај 1828 година во богато семејство во Женева, растел со родители кои биле задоени со возвишени хумани чувства. Неговиот татко бил претседател на Институцијата за изгубени деца, а неговата мајка поканувала сиромашни деца во нивниот дом, да поминат барем неколку среќни и весели денови. Анри Динан уште како ученик бил член на Здружението за помош на стари и болни лица. Воспитан во духот на хуманизмот, солидарноста и љубовта кон луѓето, тој достојно зачекорил по стапките на своите родители и се формирал во силно хумано човечко битие.

Во 1859 година Анри Динан како швајцарски банкар и трговец на службено патување во Северна Италија имал обврска да се сретне и деловно да разговара со францускиот император Наполеон III, кој во тој период војувал во тие краеви. На патот, во близина на селото Солферино, Анри Динан останал вчудоневиден од глетката пред неговите очи, каде француската и австриската војска воделе борба при што долините биле претворени во бојно поле.

Таа вечер (26 јуни) на бојното поле сами на себе биле оставени илјадници војници, ранети и мртви. Анри Динан возбуден ја заборавил целта на своето патување.

Црквата во селото Кастиљоне ја претворил во импровизирана болница и започнал да организира помош, не штедејќи се, целосно се посветил на работата. Дури ги запишувал пораките за семејствата. Тешко ранетите војници му ги диктирале последните зборови за своите семејства. Неговите мудри зборови биле: ***Сиамо тутти фрателли*** **(Ние сме сите браќа).**

По враќањето во Женева, додека уште му биле свежи впечатоците од настаните во Ломбардија, ја напишал најчитаната книга „***Сеќавањата на Солферино***”.

Во 1863 година, Анри Динан заедно со уште четворица сограѓани од Женева, се заложиле идеите да станат реалност и го формирале Меѓународниот Комитет за помош на ранетите, кој подоцна ќе прерасне во Меѓународен комитет на Црвениот крст, со седиште во Женева. На меѓународната конференција во 1863 година е усвоен амблемот ***Црвен крст на бела подлога***, обратно од знамето на Швајцарија, како благодарност кон потеклото на Анри Динан. Така Женева станува лулка на Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

**Настанувањето на идејата и компонентите на Движењето**

Анри Динан со четворица угледни пријатели, во Женева, Швајцарија формирал Меѓународен комитет на Црвен крст и го регистрирал со заштитен знак Црвен крст на бело поле (обратно од обележјата на државното знаме на Швајцарија). Тогаш била донесена Конвенција од 10 члена и била прокламирана Мисијата на Движењето:

> „Да го спречи и ублажи човековото страдање каде да е, да го заштити животот здравјето, да обезбеди почит и достоинство за човековото битие, особено во време на вооружени конфликти, несреќи и катастрофи, да работи на превенција на болестите и унапредување на здравствената и социјалната добросостојба на луѓето, да поттикне доброволно ангажирање и постојана подготвеност за давање помош како и универзално чувство за солидарност и хуманост.”

**ДЕНЕС МЕЃУНАРОДНОТО ДВИЖЕЊЕ НА ЦРВЕН КРСТ ГО СОЧИНУВААТ ТРИ КОМПОНЕНТИ:**

1. **МЕЃУНАРОДЕН КОМИТЕТ НА ЦРВЕН КРСТ** е со основни задачи: 

   Помош на жртвите во вооружени судири; 

   Евакуација и медицинска помош.

Меѓународниот комитет на Црвен крст, формиран во 1863 година, е независна, неутрална и непристрасна хуманитарна институција, промотор на меѓународното хуманитарно право во чија основа се Женевските конвенции од 1949 година и Дополнителните протоколи од 1977 година. Во рамки на мандатот, во време на вооружени внатрешни и меѓународни конфликти и внатрешни немири, негови задачи се: обезбедување помош и заштита на воените и цивилни жртви, како воени заробеници, цивилни притворени лица, ранети во судирите или цивилно население во окупирани територии; посета на воени заробеници и цивилни притворени лица; барање на исчезнати лица; пренесување на пораки меѓу членови на семејства разделени како резултат на конфликт; соединување на раселени семејства; обезбедување на храна, вода и медицинска помош за цивили што неможат да ги остварат

овие основни потреби;ширење на знаењата за хуманитарното право, контрола и негово почитување.

## 2. МЕЃУНАРОДНА ФЕДЕРАЦИЈА НА ЦРВЕН КРСТ И ЦРВЕНА ПОЛУМЕСЕЧИНА

**МЕЃУНАРОДНА ФЕДЕРАЦИЈА НА ЦРВЕН КРСТ И ЦРВЕНА ПОЛУМЕСЕЧИНА** формирана во 1919 година од повеќе Национални друштва со основни задачи:

- Помош на жртвите во катастрофи;
- Грижа за бегалците во други земји;
- Помош на Националните друштва во исполнување на програмските активности во случај на катастрофа;
- Координација на активностите помеѓу Националните Друштва.

Меѓународната федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина, основана во 1919 година, работи на зајакнување на капацитетите на Националните друштва за ефикасно спроведување на нивните активности на здравствен и социјален план и за активности за подготвеност при катастрофи. Ја координира и насочува меѓународната помош која ја обезбедува Движењето, за жртвите од природни и технолошки катастрофи и ја поттикнува хуманитарната работа на Националните друштва за подобрување на состојбата на најзагрозените лица. Денес признаени се 192 национални друштва од цел свет.

## 3. НАЦИОНАЛНИ ДРУШТВА

Националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина дејствуваат во своите земји, со активности на хуманитарен план преку програми за: згрижување, храна и медицинска помош во случај на итни состојби; обезбедување вода и санитетски потреби; повторно воспоставување на контакти меѓу членовите на семејствата кои се погодени од катастрофи; подготвеност при катастрофи; здравствена и социјална грижа во заедницата; обука и активности по прва медицинска помош; крводарителство; превентивни здравствени активности; младински активности; дисеминација на Меѓународното хуманитарно право. Во моментот постојат **192 признати национални друштва во светот.**

Црвен Крст на Република Северна Македонија со основни задачи наведени во членот 19 од Законот за Црвен крст на РМ.

- Црвен Крст на РСМ е **формиран 17 Март 1945 година**, а како самостојно друштво делува од 21 Мај 1992 година;
- Црвен Крст на РСМ од Меѓународниот Комитет на Црвен крст е **признат на 01 Ноември 1995 година**, а во Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина е **примен во 27 Ноември 1995 година** како **169 членка**;
- Помош на Националните друштва во исполнување на програмските активности во случај на катастрофа;
- Координација на активностите помеѓу Националните Друштва.

## 3. АМБЛЕМ

**Употреба и заштита на амблемот -** Амблемот Црвен крст има историска вредност како симбол на човековата хуманост.

Црвениот крст на бела основа е симбол за непристрасна и неутрална помош за лицата на кои таа помош им е потребна. Негова цел е да ги заштити жртвите и оние кои им помагаат. Употребата и заштитата на амблемот е регулирана со Меѓународното хуманитарно право и со националното законодавство на Република Северна Македонија.

Црвениот крст на Република Северна Македонија, како дел од семејството на Меѓународното движење на Црвен крст и Црвена полумесечина, се грижи за правилната употреба и заштита на амблемот.

**Историја на амблемот на Црвен крст -** Поради потребата од единствен, универзален и лесно препознатлив амблем кој би ги олеснил хуманитарните активности во случај на војна, кон крајот на 19 век беше иницирано донесувањето на таков симбол.

Пред да биде прифатен амблемот Црвен крст, медицинските служби на секоја армија во Европа имале свое сопствено обележје. На пример, Австрија користела бело знаме, Франција црвено, а Шпанија жолто.

Поради тоа, медицинските служби не се сметале за неутрални, туку како дел од борбените единици. Не само што овие обележја не обезбедувале заштита на медицинските единици, туку исто така биле и цел на директен напад. Идејата била амблемот да ги означува не само лицата ранети во битките и оние кои им пружаат помош, туку и сите медицински единици вклучувајќи ги и оние на непријателот, а се со цел да ги натера борците на воздржување и почит.

На Меѓународната конференција во Женева во 1863 година е прифатен амблемот - Црвен крст на бела основа, а на дипломатската конференција во 1864 во Женева и официјално усвоен со негово санкционирање во Меѓународното хуманитарно право во Првата Женевска конвенција донесена на оваа конференција.

**Меѓународен комитет на Црвен крст (МКЦК).**

Независна, неутрална и непристрасна хуманитарна организација формирана во 1863 година, промотор на Меѓународното хуманитарно право, дејствува во време на вооружени меѓународни и внатрешни конфликти.

**Национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина.** Дејствуваат во своите држави со активности на хуманитарен план преку реализација на програми. Денес во светот се признати 187 национални друштва.

**Меѓународна федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.** Основана во 1919, работи на зајакнување на

капацитетите на Националните друштва за спроведување на нивните активности пред се на здравствен и социјален план и подготвеност при катастрофи.

Амблемите се усвојуваат на Дипломатска конференција во Женева од страна на државите потписнички на Женевските конвенции и Дополнителните протоколи.

**Признати:**



**Црвен крст** на бела основа во 1864 година, обратно од боите на знамето на Швајцарија во чест на Анри Динан, основоположникот на Црвениот крст.



**Црвена полумесечина** на бела основа во 1929 година.



**Црвен лав и сонце** на бела основа во 1929 година, но не е во употреба од 1980 година.



**Црвен кристал** на бела основа во 2006 година.

**Во употреба:**



Црвен крст



Црвена полумесечина



Црвен кристал

**Употреба и заштита -** Употребата и заштитата на амблемот е регулирана со Женевските конвенции од 1949 година и Дополнителните протоколи од 1977 година (I и II), Дополнителниот протокол од 2005 година (III), Меѓународните правила на Движењето за користење на амблемот, а во Република Северна Македонија со Законот за Црвен крст на Република Македонија од 1994 година, Правилата за употреба и заштита на амблемот на Црвениот крст на РМ и Стандардите за брендирање на Црвен крст на Република Северна Македонија.

**Амблемот е симбол кој има две различни употреби:**

- Индикативна (показна) во мирно време,
- Заштитна за време на вооружен судир.

**Индикативната употреба означува:**

- Лица, возила и објекти кои се поврзани со Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина;
- Меѓународен комитет на Црвен крст;
- Национално друштво;
- Меѓународна федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина;
- Медицински возила и станици за прва помош, под услов амблемот да се користи согласно со националното законодавство и со овластување на Националното друштво.

Кога се употребува во индикативна намена амблемот мора да биде со помала димензија и служи како потсетник дека компонентите на Движењето работат во согласност со Основните принципи: хуманост, непристрасност, неутралност, независност, доброволна служба, единство и универзалност. За оваа цел, амблемот мора да биде придружен со името на Националното друштво или неговите иницијали.

Членовите може да го носат амблемот, само додека се ангажирани во некоја активност за националното друштво.

**Заштитната улога според Женевските конвенции и Дополнителните протоколи се однесува на:**

- Медицински и религиозен персонал, објекти, возила и материјали на вооружените сили;
- Медицински единици и транспортни средства на Националните друштва, кои се користат за помош на медицинските служби на вооружените сили;
- Лица, објекти, транспортни средства и материјали на Меѓународниот комитет на Црвен крст;
- Цивилни болници и други медицински капацитети признати од Владата и со овластување за користење на амблемот;
- Други хуманитарни организации призанти од Владата и со овластување за вршење на медицинска дејност.

Кога амблемот се користи како заштитно средство мора да се истакнува во неговата чиста форма, односно не смее да се додава ништо на амблемот. Бидејќи амблемот мора да биде препознатлив од што е можно подалеку, мора да има големи димензии.

**Злоупотреба на амблемот**

Секоја употреба на амблемот што не е јасно овластена со МХП и домашното законодавство претставува злоупотреба.

Злоупотребата на амблемот за заштитни цели за време на војна го загрозува системот на заштита доделен со МХП.

Злоупотребата на амблемот за индикативни цели го потценува имиџот во очите на јавноста и последователно ја намалува неговата заштитна моќ за време на вооружен судир. Секоја држава потписничка на Женевските конвенции има обврска да преземе мерки за спречување и казнување секаква злоупотреба на амблемот во секое време и мора конкретно да усвои пропис за заштита на амблемот.

**Видови злоупотреба:**

- **Имитација -** Употреба на знак кој по својата форма и/или боја може да предизвика конфузија со амблемот (пр. слични бои или дизајн, некогаш за комерцијални цели).
- **Узурпација -** Користење на амблемот од неовластени групи и лица (комерцијални фирми, приватни лекари, фармацевти, невладини организации и др.). Користење на амблемот од лица кои се овластени да го користат, но го истакнуваат за цели кои не се во согласност со одредебите од Конвенциите и Протоколите (на пример: некој го употребува за да ја минува полесно границата кога не е на должност).
- **Измама -** Сериозна и перфидна злоупотреба на амблемот, кога истиот се користи за време на вооружен конфликт како средство за заштита на вооружени борци или воена опрема (на пример: за амбулантни возила или хеликоптери кои пренесуваат вооружени борци или на складишта со муниција). Перфидното користење на амблемот е воено злосторство и во меѓународни и во внатрешни вооружени конфликти.

**Зошто се користи амблемот?**

1. **Заштитна улога во време на вооружен судир** медицински персонал, објекти, возила и материјали;
    - лица и објекти на Движењето;
    - цивилни болници и други медицински капацитети признати од Владата и со овластување за користење на амблемот;
    - други хуманитарни организации признати од Владата и со овластување за вршење на медицинска дејност.

2. **Индикативна / показна во мирно време /** ги означува лицата, возилата и објектите кои се поврзани со Движењето;
    - Медицински возила и станици за прва помош, под услов амблемот да се користи согласно со националната легислатива и со овластување од националното друштво.
    - Според Меѓународното хуманитарно право државите се должни да го заштитат амблемот и ја спречат неговата злоупотреба со донесување прописи на национално ниво.

## АМБЛЕМОТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во Република Северна Македонија амблемот на Црвениот крст е Црвен крст со пет еднакви квадрати на бело поле.

Поради потребата од единствен, универзален и лесно препознатлив амблем што ќе ги олесни хуманитарните дејствија, иницирано е усвојување, користење и заштита на таков симбол.

Со Законот за Црвениот крст на Република Северна Македонија се регулирани прашањата за употребата и заштитата на амблемот Црвен крст, во согласност со Женевските конвенции. Република Северна Македонија во 1993 година ги потпиша Женевските конвенции од 1949 година и Дополнителните протоколи од 1977 година. Црвениот крст на Република Северна Македонија спроведува активности за промовирање на улогата, правилната употреба и заштита на амблемот и укажува во ситуации на негова злоупотреба. Во текот на 2006 година Црвениот крст на Република Северна Македонија спроведе испитување за употребата, односно злоупотребата на амблемот, преку општинските организации на Црвениот крст на подрачјата каде делуваат. Испитувањето ја прикажа состојбата за односот кон прашањето на употребата и заштитата на амблемот, односно ја наметна потребата од постојани активности за промовирање на правилната употреба и предлагање на мерки пред надлежните органи за спречување на неговата злоупотреба.

Во 2001 година црвен крст на РМ со цел да се обезбеди заштита и правилна употреба издаде Правилник за употреба и заштита на амблемот на Црвен крст на Република Северна Македонија.

Црвениот крст на Република Северна Македонија во 2007 година реализираше кампања за правилна употреба на амблемот Црвен крст во Република Северна Македонија и заштита од негова злоупотреба од страна на неовластени субјекти, под мотото **СИМБОЛ ЗА ПОЧИТ**.




Во 2013 година Црвен крст на РМ иницираше постапка за изработка на Стандарди за брендирање на Црвен крст на РМ, при што е изработен документ во кој се прикажани основните лого типови дозволени за користење, со своите конкретни специфични начини на употреба на сите нивоа на организациона поставеност. Со практикувањето на овој документ ќе се придонесе кон унифицираност, уникатен дизајн, видливост, препознатливост и функционално единство во националното друштво.

## 4. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

**Основните принципи на Движењето, градени низ неговиот развој, официјално прогласени во 1965 година на Меѓународна конференција го**

**обезбедуваат стратешкиот пат, идеја и цел, ја даваат енергијата, мотивацијата и го подигнуваат дигнитетот и авторитетот на тоа Движење.**

## ХУМАНОСТ



Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина настана како резултат на желбата да им се помогне на ранетите на бојното поле и тоа без било каква пристрасност, како и да го спречи и олесни човековото страдање секогаш кога е тоа можно.

Целта на движењето е да го заштити животот и здравјето и да го почитува човекот. Промовира заедничко разбирање, пријателство, соработка и траен мир меѓу сите луѓе.

## НЕПРИСТРАСНОСТ



Не прави дискриминација врз основа на национална, расна, верска и класна припадност или политичко убедување. Настојува да ги олесни страдањата на поединците, водејќи се исклучиво од нивните потреби но, давајќи приоритет на најитните случаи.

## НЕУТРАЛНОСТ



Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина настана како резултат на желбата да им се помогне на ранетите на бојното поле и тоа без било каква пристрасност, како и да го спречи и олесни човековото страдање секогаш кога е тоа можно. Целта на движењето е да го заштити животот и здравјето и да го почитува човекот. Промовира заедничко разбирање, пријателство, соработка и траен мир меѓу сите луѓе.

## НЕЗАВИСНОСТ



Движењето е независно. Националните друштва иако делуваат како дополнение на хуманитарните служби на владите и се предмет на регулирање на националното законодавство, мораат да ја зачуваат автономноста за да можат да дејствуваат во секое време, согласно со принципите на Движењето. Тоа е движење за давање на доброволна помош кое не е инспирирано од материјални побуди.

## ДОБРОВОЛНА СЛУЖБА



Тоа е движење за давање на доброволна помош кое не е инспирирано од материјални побуди

**ЕДИНСТВО**



Во една држава може да има само едно национално друштво на Црвениот крст или Црвената полумесечина. Мора да биде отворено за сите и да ја извршува својата хуманитарна работа на целата територија во земјата.

**УНИВЕРЗАЛНОСТ**



Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, во кое сите друштва што го сочинуваат имаат еднаков статус, одговорности и должности взаемно да се помагаат, делува во целиот свет.

## 5. МЕЃУНАРОДНО ХУМАНИТАРНО ПРАВО

### Што е меѓународно хуманитарно право?



Меѓународното хуманитарно право претставува збир на правила, кои од хуманитарни причини, имаат за цел да ги лимитираат ефектите од вооружените конфликти. МХП ги заштитува лицата кои не учествувале или повеќе не учествуваат во непријателствата и ги ограничува средствата и методите на војување. МХП е исто така познато и уште како воено право или како право за вооружените конфликти. МХП е дел од Меѓународното право, кое всушност ги регулира односите меѓу државите. Меѓународното право се имплементира преку договорите помеѓу државите - спогодбите или конвенциите, преку обичајните правила, кои се базираат на успешните практики на државите овие правила да ги воведат како правно -обврзувачки, но и преку базичните принципи. МХП се применува при вооружените конфликти. Но, МХП не ја регулира ситуацијата, кога некоја држава може да употреби сила; ова е регулирано со значаен, но јасно дистинктиран дел од меѓународното право, кој е содржан во Повелбата на Обединетите Нации.

### Потекло и краток историјат на МХП

Голем дел од МХП е содржано во четирите Женевски конвенции од 1949 год. Скоро секоја држава во светот ги има ратификувано и со тоа се има обврзано истите да ги почитува. Конвенциите, понатаму се доразвија и се дополнија со два дополнителни договори: Дополнителните Протоколи од 1977 год. за заштита на жртвите во вооружените конфликти. Други договори кои ја забрануваат употребата на одредени оружја и воени тактики и кои заштитуваат одредени категории на лица и добра:

- Конвенцијата за заштита на културната сопственост во случај на вооружен конфликт, од 1954 година, плус двата дополнителни протоколи на истата;
- Конвенцијата за билошко оружје, од 1972 година;

- Конвенцијата за конвенционални оружја, од 1980 година и нејзините пет протоколи;
- Конвенцијата за хемиско оружје, од 1993 година;
- Конвенцијата од Отава за против нагазни мини, од 1997 година;
- Факултативниот протокол на конвенцијата за заштита на правата на децата инволвирани во вооружен конфликт, од 2000 година.

Многу норми од МХП денеска се прифатени како обичајно право, т.е. се прифаќаат како базични правила кон кои државите се придржуваат. Меѓународното хуманитарно право ги содржи правилата кои во време на вооружен конфликт имаат за цел да ги заштитат лицата кои не учествуваат или повеќе не учествуваат во војната и да ги ограничат методите и средствата на војување што се користат.

За жал воените судири не престануваат, туку се вжештуваат со тортура, немилосрдност и примена на средства за масовно уништување. Затоа треба да се развива хуманото право за заштита на жртвите и на оние кои им даваат помош.

МХП во својата основа ги содржи Женевските конвенции од 1949 година и Дополнителните протоколи од 1977 година.

- I Женевска конвенција за подобрување на положбата на ранетите и болните во вооружените сили во војна од 12 август 1949 година;
- II Женевска конвенција за подобрување на положбата на ранетите, болните и бродоломниците на поморските вооружени сили од 12 август 1949 година;
- III Женевска конвенција за постапување со воените заробеници од 12 август 1949 година;
- IV Женевска конвенција за заштита на цивилните лица за време на војна од 12 август 1949 година;
- Дополнителен протокол кон Женевските конвенции од 12 август 1949 година кој се однесува на заштита на жртвите во меѓународни вооружени судири од 8 јуни 1977 година (Протокол I);
- Дополнителен протокол кон Женевските конвенции од 12 август 1949 год. за заштита на жртвите во немеѓународни вооружени судири од 8 јуни 1977 година (Протокол II )

Женевските конвенции – документи претставуваат темел на модерното хуманитарно право. Станува збор за документи кои треба да ги заштитат ранетите во воените судири, да гарантираат хуман третман на воените заробеници и да ги штитат цивилите. За почитувањето на Женевските конвенции се грижи Меѓународниот комитет на Црвениот крст (МКЦК).

Женевските конвенции настанаа од една убава и благородна идеја: да се воведат правила во војувањето – но светот многупати се увери во вистинитоста на изреката дека „во љубовта и во војната не постојат правила“, а како пример можат да послужат случувањата во Босна, Руанда



или Дарфур. Во Првата Светска војна, имаше десет загинати војници на еден цивил, додека денес тој однос е обратен. Нападите врз цивили, уништувањето на нивните домови, дури и силувањето не се случајни последици на судирите туку намерно одбрана тактика на современото војување. Тоа го наметнува прашањето: што да се стори со Женевските конвенции и дали документите, првобитно усвоени во време на традиционалните војски, денес се надминати или луѓето, едноставно, не ги почитуваат?

„За сите нас тоа е големо прашање. Видовме толкав број цивили кои станаа жртви поради воените околности. Мораме да најдеме начини за спроведување во дело на овие правила на војување и тоа посилно и поуверливо од досега. Мораме да ги одвратиме, оние кои ги кршат, од таквата практика “, вели адвокатот во МКЦК, Филип

**Зошто Меѓународно хуманитарно право?**

Тесната врска меѓу Движењето и Женевските конвенции, кои мнозина ги нарекуваат и Конвенции на Црвениот крст, настанала поради тоа што Конвенциите го содржат основниот принцип на Црвениот крст -хуманоста. Борејќи се за хуманоста меѓу луѓето, дури и во најтешките ситуации како што е војната, Црвениот крст придонесе за ублажување на човечките страдања и афирмација на овој принцип. Без разлика на мудрата изрека дека *меѓународното хуманитарно право е за една војна поназад,* и денес непрекинато се развива во склад со потребите на помош и заштита диктирани од современата меѓународна, политичка, одбранбена и безбедносна состојба.

***Каде МХП може да се најде?***

Голем дел од МХП е содржано во четирите Женевски конвенции од 1949 год. Скоро секоја држава во светот ги има ратификувано и со тоа се има обврзано истите да ги почитува. Конвенциите, понатаму се доразвија и се дополнија со два дополнителни договори - протоколи – Дополнителните Протоколи 1 и 2 од 1977 год. за заштита на жртвите во вооружените конфликти.

Други договори кои ја забрануваат употребата на одредени оружја и воени тактики и кои заштитуваат одредени категории на лица и добра:

- Конвенцијата за заштита на културната сопственост во случај на вооружен конфликт, од
  1954 година, плус двата дополнителни протоколи на истата;
- Конвенцијата за билошко оружје, од 1972 година;
- Конвенцијата за конвенционални оружја, од 1980 година и нејзините пет протоколи;
- Конвенцијата за хемиско оружје, од 1993 година;
- Конвенцијата од Отава за против нагазни мини, од 1997 година;
- Факултативниот протокол на конвенцијата за заштита на правата на децата инволвирани во вооружен конфликт, од 2000 година.

Многу норми од МХП денеска се прифатени како обичајно право, т.е. се прифаќаат како базични правила кон кои државите се придржуваат.

***Кога МХП се применува?***

МХП се применува единствено при вооружени конфликти, не опфаќа внатрешни тензии или немири, како на пример, изолирани акти на насилство. Правото се применува само откако конфликтотот почнал, и тоа подеднакво кон сите страни, без оглед на тоа кој прв ја почнал борбата.

МХП врши јасна дистинкција помеѓу меѓународен и немеѓународен вооружен конфликт. Меѓународен вооружен конфликт претставува оној вооружен конфликт во кој најмалку две држави се инволвирани. Тие се предмет на широк опсег на правна регулација, вклучувајќи ги и правилата опфатени во четирите Женевски конвенции и Дополнителниот Протокол 1.

Немеѓународен вооружен конфликт претставува оној вооружен конфликт кој е ограничен на територијата на една држава, во кој се инволвирани или регуларни вооружени сили кои се борат против групи на вооружени дисиденти, или вооружени групи кои се борат меѓу себе. Многу полимитиран опсег од правила се применуваат при внатрешни вооружени конфликти и истите ја имаат својата основа во членот 3 кој што е заеднички за сите четири Женевски конвенции, како и Дополнителниот Протокол 2.

Многу е битно да се врши диференцијација помеѓу Меѓународното хуманитарно право и Законот, или нормите за човекови права. Иако одреден дел од правните правила и норми им се слични, овие две законски и правни гранки се развивале поединечно и се содржат во различни договори и спогодби. Поконкретно, Законот за човекови права- за разлика од МХП- се применува во мирно времени услови, а многу од неговите норми можат да бидат суспендирани за време на вооружен конфликт.

***Што опфаќа МХП?***

Меѓународното хуманитарно право опфаќа две области:

- Заштита на лицата кои не учествувале или повеќе не учествуваат во борбите;
- Ограничување на средствата за војување- посебни оружја- и методи на војување, како воени тактики.

***Што е „заштита"?***

МХП ги заштитува оние кои не учествуваат во борбите, како цивили или медицинскиот и религиозниот воен персонал. Исто така, ги заштитува и оние кои прекинале со борбените дејства, како ранетите бродоломците и болните, како и воените заробеници.

Кон овие категории на лица мора да се води сметка за нивниот живот, како и за нивниот физички и ментален интегритет. Тие исто така уживаат и правна сигурност. Мора да бидат заштитени и кон нив да се постапува хумано во сите услови, без никакви непријателски чувства и изливи.

**Поконкретно:** забрането е да се убива или ранува непријател којшто се предал или не е во состојба да се бори; болните и ранетите мора да се

прифатат и за нив да води грижа страната во конфликтот на чија територија истите се нашле.

Медицинскиот персонал, набавките, болниците и амбулантите исто така мора да се заштитени. Постојат, исто така, детални правила кои се однесуваат на условите за притворање на воените заробеници и начините со кои ќе се постапува со цивилите кои ќе се најдат под власта на противничката сила. Ова ги вклучува и правата за добивање храна, засолништа и медицинска нега, како и правото за размена на пораки со нивните фамилии.

Правото укажува на бројни јасно препознатливи симболи кои можат да се искористат за да се идентификуваат заштитените лица, места и објекти. Главните амблеми се Црвен крст, Црвена полумесечина, Црвен кристал и симболите коишто ја идентификуваат културната сопственост и објектите на цивилната заштита.

## 6. ДОГОВОР ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ АКТИВНОСТИ НА КОМПОНЕНТИТЕ НА ДВИЖЕЊЕТО НА ЦРВЕН КРСТ И ЦРВЕНА ПОЛУМЕСЕЧИНА – СЕВИЉА 1997

Договорот и мисијата на Движењето: (или Зошто договорот?)

- ,,*да го **спречи** и **ублажи** страдањето на луѓето каде и да е, да ги **заштити** нивните животи и здравје и да **обезбеди** почит кон човекот, особено во време на вооружен конфликт и други вонредни состојби, да работи на **спречување** болести и да го **унапредува** здравството и социјалната заштита, да **охрабрува** доброволна помош и постојана спремност да им се помогне на членовите на Движењето, со универзална смисла за **солидарност** кон сите оние кои имаат потреба од заштита и помош*,,.
- **цели:**
    - да се промовира ефикасната употреба на ресурсите на Движењето и тие да се мобилизираат што е можно побргу за операции на помош и активности за развој во интерес на жртвите и ранливите лица;
    - да се промовира потесна соработка меѓу компонентите;
    - да се зајакне развојот на Националните друштва и да се подобри соработката меѓу нив: ➢ **прифатена од сите НД, Федерацијата и МКЦК;** ➢ **идеа:**
    - меѓународните активности на компонентите се остваруваат преку соработка на билатерална и мултилатерална основа
- **воведување на менаџерски принципи на водечка улога и водечка агенција во меѓународни активности и појаснувсње и прецизирање на улогите и одговорностите на конпонентите на движењето**
- **базирано на:**

- Фундаменталните принципи
- Статути на движењето

- Принципи и правила за Црвениот крст и Црвена полумесечина во помош при катастрофи
- Женевските конвенции и нивните дополнителни протоколи

- Разбирање на духот и текстот на Договорот од Севиља и неговите дополнителни мерки:
  - *да се спречи и ублажи £овековото страдање каде и да се појави*
  - *длабока промена на ставови*
  - *дух за соработка*
  - *партнерство во глобален хуманитарен потфат*
  - *зајакнато чувство на идентитет, солидарност, взаемна доверба и поделба на одговорности*

- постигнување на три основни цели на составните единечни делови на движењето:
  - *обезбедување поефикасен одговор за хуманитарните потреби со најправилна примена на ресурсите на Движењето;*
  - *промовирање и почит на хуманитарните принципи на Меѓународното хуманитарно право;*
  - *создавање посилно Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина со оптимална соработка*

**Договорот и компонентната корелативност**

- важноста на Женевските конвенции/ДП и Статутите на движењето
- одвивање на билатералната и мултуратерална соработка:
  - Националните друштва и Федерацијата;
  - Националните друштва и МКЦК;
  - Националните друштва – помеѓу себе;
  - МКЦК и Федерацијата;
  - МКЦК, Федерацијата и Националните друштва;

- предметни цели на Договорот:
  - промовирање ефикасна употреба и мобилизација на ресурсите;
  - унапредување потесна соработка помеѓу компонентите;
  - отстранување на разликите меѓу компонентите (дефинирање, организација, одговорности);
  - зајакнување на развојот и соработката меѓу НД за поефикасно учество во меѓународните активности;
  - функционално зајакнување на соработката помеѓу компонентите;

**Принципи:**

- **водечки принципи**:

- Фундаменталните/основни принципи на Движењето

- Статутите на Движењето
- Женевските конвенции и нивните Дополнителни протоколи

- **принципи на управување:**
  - водечка улога (ЖК, Статути, посебни компетенции)
  - водечка агенција (оперативно раководење со меѓународните активности, организација, координација, брзина, кохерентност, ефикасност на компонентите, генерална директива, консултирање, повинување, обученост)

**Организација на меѓународни активности - Состојби за потреба од функционирање на Водечко тело:**

- ✓ меѓународни и немеѓународни/внатрешни вооружени конфликти и непосредни последици (ЖК/ДП, Статути);
- ✓ активности при „состојба на вооружен конфликт" (опфат на целата територија, страни на конфликтот, заштита и помош на настраданите)
- ✓ активности при „директни последици од конфликтот" - престанување на непријателствата и помош се до постигнување целосен мир; вратен општиот мир, престанува потребата од МКЦК, но останува постконфликтна помош (програми за реконструкција, санација); барање на жртвите на конфликтот, бегалци во незасегнати Страни/Држави;
- ✓ елементарни и технолошки непогоди и катастрофи во мирно време;
- ✓ вооружен конфликт со елементарни и технолошки непогоди;

**Улога на Водечка агенција на компонентите:**

- ✓ МКЦК (меѓународни и немеѓународни/внатрешни вооружени судири; директните последици; вооружен конфликт со елементарни и технолошки последици;
- ✓ МФЦКЦПМ (природни и технолошки непогоди и катастрофи во мир, надвор од оперативните можности на НД);
- ✓ НД (меѓународна помош на своја територија со согласност од страна на МКЦК или МФЦКЦПМ, зависно од случајот);
- ✓ Заеднички активности на МКЦК и МФЦКЦПМ при ,,вкрстени,, ситуации;
- ✓ Дејствување на компонентите при непредвидливи ситуации (здрав разум, раководење според Ф/О принципи и Статутите, максимална ефикасност кон настраданите, хармонична соработка);
- ✓ Пренесување на одговорноста при променета состојба – од една на друга компонента како водечка агенција(ефикасност и хармоничност, располагање со материјалните ресурси);

- НД - други акции на меѓународна помош кои не бараат организирање на водечка агенција: во зависност од случајот должност веднаш да го извести МКЦК или Федерацијата; вклучување на надлежната компонанта;




- Оперативни потешкотии: заедничко влијание на компонентите при опструкции на меѓународната помош; заеднички договор за привремени мерки во рамки на мандатите;
- Соработка со специјализирани агенции на ОН: кохерентен пристап; зачувување на единството и самостојноста на Движењето; НД кое сака да склучи договор со таква агенција на ОН треба да ја извести Федерацијата или МКЦК; особено официјален договор со УНХЦР;

**Одговорност за управување и координирање на операциите:**

- ✓ Генерални цели кон настраданите и објективна проценка;
- ✓ Ефикасно координирани акции;
- ✓ Воспоставување на партнерски адекватни механизми за консултација;
- ✓ Координирани активности со други владини и невладини организации во склад со Ф/О принципи;
- ✓ Информирање на јавноста;
- ✓ Мобилизирање на финансиски средства за помош, осигурани и користени на солиден и ефикасен начин;
- ✓ Унапредување на билатералните и мултиратерални договори со помош на доделување проекти;

**Посебни обврски:**

- МКЦК како водечка агенција (воспоставува и одржува односи и контакти со сите страни во конфликтот во согласност со МХП, Ф/О принципи за независност, неурталност и непристрасност; презема одговорност за помошта во однос на страните потписнички на ЖК; мерки и гаранција за физичката безбедност на персоналот за давање помош; почитување на прописите за примена на аблемите на Движењето за заштитна цел;

консултација со НД, особено за јавно декларирање за напредокот за давање на помош

- Федерацијата како водечка агенција: (придржување на НД на правилата, принципите и кодексот при катастрофи 1995); брза информација за НД за мобилизација и координација; мобилизирање помош од НД на други земји; одлука во договор со НД за користење на останатите средства од операцијата

**НД, координација на МП на негова територија:** (карактерот на ситуацијата, ограничувањата, потребите, средства за логистика, спремност за ефикасна акција во рамки на Ф/О принципи; усогласеност со МКЦК или Федерација; одговорност- раководење со примена на генералните цели, раководење со персоналот, координирање на хуманитарната помош со ВО, НВО, Локална заедница, информирање на јавноста, почитување на амблемите, спроведување на правилата, принципите, кодексот при катастрофи, осигурани и ефикасно користени материјални и финансиски средства, обезбедени потребни и адекватни информации на Федерацијата и МКЦК;




### Зајакнување, развој и функционална соработка

НД- развој: (одговорност за сопствениот развој; придонес за билатерални и мултилатерални договори за развој; развојни активности со Федерацијата- развојни политики, развојни планови и проекти, стандарди и упатства за програмски концепти и планирање, критериуми за прибирање и доделување средства за развој и МКЦК- за НД координација со Федерацијата, техничка и правна помош при основање и реконституирање на НД, поддршка на програмите за промовирање и примена на МХП и Ф/О принципи, подготовка на НД за слушај на конфликт, обука на персоналот на НД за мандатниот ангажман, при состојба на вооружен конфликт помагање на НД со Федерацијата, заштита на интегритетот на НД и заедно со Федерацијата;

**Функционална соработка на компонентите:** (кохерентност, соработка и координација при акцијата, посебно следните меѓународни активности- основање и признавање на НД и заштита на нивниот интегритет, користење и почитување а амблемите, развој на човечкиот ресурс и обука и подготовка за меѓународни операции, соработка на делегациско ниво, односи со меѓународни институции и организации, координирање на меѓународното прибирање на

фондови; подетални договори во рамки на принципите за водечка улога и управување; континуиран дијалог и консултации со анализи и предвидување на потребите;

**Комуникација, Ф/О принципи и МХП:** (информирање и заедничка слика за Движењето; ефикасност при застапување на хуманитарните принципи со соработка и координација и водечките услови; Ф/О принципи- должност за обезбедување почитување, МКЦК водечка улога при одржување и ширење, должност на Федерацијата и МКЦК за соработка при ширење, клучна улога на НД за потврдување на ширењето; МХП- МКЦК водечка улога, Федерацијата помага и соработува во ширењето меѓу НД, НД должност за промовирање и ширење и помош и соработка на/со своите влади особено за заштита на амблемите.

**Примена:**

Почитување од страна на сите компоненти; одговорност за примена на одредбите и инструкции на волонтерите и својот персонал; посебна одговорност на МКЦК и Федерацијата договорот да биде целосно почитуван и имплементиран во Движењето и да разменуваат информации за глобални оперативни активности од заеднички интерес и дискутираат за можни потешкотии; задолжителен годишен извештај за примена на договорот; разгледување пред Совет на делегати и како процес за редовна ревизија; решавање на разликите преку независно тело.




## 7. ИСТОРИЈАТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Црвениот крст на Република Северна Македонија зад себе има долготрајна традиција од 65 години постоење и дејствување, остварувајќи ја притоа

хуманата мисија за подобрување на животот на најранливите лица на домашен и меѓународен план.

**МИСИЈА -** Црвениот крст на Република Северна Македонија е хуманитарна, волонтерска организација која делува согласно со основните принципи на Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, работејќи на планот на обезбедување на помош и услуги за ранливото население и промовирање на меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности.

***ВИЗИЈА -*** Нашето работење втемелено врз универзалните принципи има моќ да го унапреди светот во кој живееме преку промовирање мир и толеранција, ефикасна превенција, навремен одговор и соодветна поддршка за ранливото население.

Во периодот од 1992 од осамостојувањето од Југословенски Црвен крст, Црвениот крст на Република Северна Македонија е активно вклучен во обезбедување на помош за хуманитарно згрижени лица, баратели на азил, внатрешно раселени лица, социјални случаи, лица погодени од природни катастрофи и други категории на ранливи лица. Програмите и проектите на Националното друштво се имплементирани со поддршка на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, Меѓународен Комитет на Црвен крст, повеќе национални друштва и други меѓународни и домашни хуманитарни владини и невладини организации.

Црвениот крст на Република Северна Македонија во рамките на напорите за ефикасно трансформирање, реорганизација и надградба на капацитетите на националното друштво, превзема активности за осовременување на работата. Со транспарентно работење и навремено известување, воспоставување на ефикасен комуникациски систем, како и обука на волонтерскиот и професионалниот кадар и надградување на материјалнотехничките капацитети на организацијата, се придонесе кон подобрување на имиџот на националното друштво.




Црвениот крст на Македонија е формиран на 17 март 1945 година, додека Црвениот крст на Република Северна Македонија е признат како национално друштво на Црвен крст од Меѓународниот комитет на Црвениот крст на 01.11.1995, а на 27 ноември 1995 година станува полноправен член на Меѓународната федерација на националните друштва на Црвениот крст и Црвената полумесечина, како 169 членка на Меѓународното движење. Како битни услови за признавање на националното друштво Црвен крст на Република Северна Македонија се:

1. Прифаќање на Женевските конвенции од 12 август 1949 и Дополнителни протоколи од 1977 Владата на Република Северна Македонија на 25 август 1993 година ги ратификува наведените документи;
2. Собранието на Република Северна Македонија на 26 јули 1994 година го донесе Законот за Црвениот крст на Република Северна Македонија.

Црвениот крст на Република Северна Македонија е единствена организација на територијата на Република Северна Македонија, која ја сочинуваат организациите на Црвениот крст на општините и градот Скопје. Црвениот крст на РМ не претставува здружение на граѓани, но е доброволна, масовна, самостојна, невладина, непартиска и независна хуманитарна организација на граѓаните на Република Северна Македонија. Положбата и задачите на Црвениот крст, употребата и заштитата на амблемот и името на Црвениот крст, како и начинот на финансирање на задачите на Црвениот крст се уредени во посебен закон Закон за Црвениот крст на Република Северна Македонија (Сл. Весник бр.41/94). Со Статутот на Црвениот крст на РМ поблиску се уредени поставеноста и структурата на Организацијата, како и основните цели и задачи и истиот е во согласност со Статутот на Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.

## СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Црвениот крст на РМ е доброволна, масовна, самостојна и независна хуманитарна организација на граѓаните на Република Северна Македонија и дејствува и работи како невладина и непартиска организација и како единствена организација на територијата на Република Северна Македонија.

Со Статутот на Црвениот крст на РМ поблиску се уредени поставеноста и структурата на Организацијата, како и основните цели и задачи и истиот е во согласност со Статутот на Меѓународната федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.




На ниво на организациона поставеност функционираат 34 општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје. Националното Друштво прерасна во современа, ефикасна, но и автономна организација, рамноправен партнер со сите национални друштва во

Меѓународната Федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина. Црвениот крст на РМ со кадровскиот и техничкиот потенцијал е подготвен успешно да ги реализира активностите во надминување и разрешување на проблемите и прашањата со кои се соочува ранливото население во локалните заедници.

Во својата структурна поставеност, Црвениот крст на РМ има Собрание, како највисок орган на управување, Извршен одбор како извршен орган, Претседател, два Потпретседатели, Финансиска комисија, Млади на Црвениот крст и комисии како советодавни работни тела, Генерален секретар со Стручна служба.




Црвениот крст на Република Северна Македонија, во текот на своето постоење и работа има долга и успешна активност во изминатите години во служба на човекот. Националното Друштво прерасна во современа, ефикасна, но и автономна организација, рамноправен партнер со сите национални друштва во Меѓународната Федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

Црвениот крст на РМ со своите акции и активности ја докажа улогата на организација која е кадровски и технички спремна и способна успешно да работи на надминување и разрешување на проблемите и прашањата кои што се поставуваат пред членството на Црвениот крст на РМ.

Во нејзиниот активитет се организираат голем број активности од социјалната програма, здравственото воспитување и превентивата, првата помош, превенција на болести на срцево крвните садови, превенција на ракот, превенција на туберкулозата, превенција на зависностите, психолошка поддршка, грижата за бегалците и раселените лица, унапредување на крводарителството преку доброволност, анонимност и бесплатност, програма за подготвеност во услови на катастрофи и обука, а посебно внимание е посветувано за современа дисеминација и ширење на меѓународното хуманитарно право и активностите на Младите на Црвениот крст како и голем број други активности.

Програмата за работа на Црвениот крст на Република Северна Македонија, е концепирана врз Стратегијата за развој до 2020 година на Меѓународната Федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина и Развојниот План на Црвениот крст на Република Северна Македонија за 2010- 2020 година.

## ВОЛОНТЕРСТВОТО ВО ЦРВЕН КРСТ

Волонтерството е доброволно давање на услуги инспирирано единствено од слободната волја, а не од желбата за материјална или финансиска добивка кое има за цел намалување на ранливоста на населението, во согласност со принципите на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

Црвениот крст на Р. Македонија развива форми и модалитети за привлекување и задржување на волонтери за спроведување на секојдневните активности промовирајќи ги основните принципи и хумани вредности на Движењето. Согласно со Правилникот за Волонтерство на Меѓународната Федерација, секое национално друштво на Црвен крст и Црвена полумесечина треба да тежнее да биде една од водечките организации во процесот на мобилизирање и менаџирање на волонтерите за обезбедување помош за ранливото население во неговата земја.

Со стратешкото планирање националното друштво мора да стави акцент, волонтерскиот развој секогаш да биде поврзан со програмскиот развој, со што се определува и одговорност на националното друштво за развојот на волонтерските структури и системи кои ја рефлектираат секојдневната реалност.

Мобилизирањето на волонтери од локалните заедници за задоволување на локалните потреби е една од приоритетните задачи и цели на Црвениот крст на Република Северна Македонија. Вклучувањето на корисници како волонтери, исто така претставува важен начин за намалување на ранливоста на волонтерите. При ваквите ангажмани примарна цел на националното друштво претставува вклучувањето на волонтерите, а не крајниот резултат од тој програм.

Менаџирањето на волонтери и на вработените лица претставува процес на планирање и одлучување, организирање, раководење и контролирање на човечките ресурси и финансиски менаџмент заради остварување на целите на организацијата на ефективен и ефикасен начин.

За да може националното друштво да ја мобилизира заедницата на ефикасен начин, треба да има силни локални структури со добар кадровски потенцијал во општинските организации.

## ПОЛИЊА НА ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ЦРВЕН КРСТ НА РМ – ПРОГРАМИ

1. **ОРГАНИЗАЦИОНЕН РАЗВОЈ** - Континуираната надградба е основа за добро, функционално раководење и управување и организациско реструктуирање за надградба на кадровските и материјалните капацитети на Црвениот крст на Република Северна Македонија. На планот на институционалниот развој се преземаат мерки за зголемување на ефикасноста во работењето, иницијативи за зголемување на капацитетите и јакнење на волонтеризмот.
2. **МЕНАЏМЕНТ НА ВОЛОНТЕРИ И ВРАБОТЕНИ** - Мобилизирањето на волонтери од локалните заедници за задоволување на локалните потреби е една од приоритетните задачи и цели на Црвениот крст на Република

Северна Македонија. Токму заради тоа една од приоритетните заложби на Црвениот крст на Република Северна Македонија во изминатиот период беше развивање на форми и модели за привлекување и задржување на волонтери за спроведување на секојдневните активности.

3. **ДИСЕМИНАЦИЈА** - Ширењето на знаењата за Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина со акцент на фундаменталните принципи и промовирањето на Меѓународното хуманитарно право (МХП) се произлезени од Развојната концепциска програма на Црвен крст на Република Северна Македонија и подршка на Меѓународниот комитет на Црвен крст, нивно промовирање во други форми и содржини на активности на националното друштво.
   *Позначајни програмски активности*: Промовирање на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина, основните принципи, МХП и хуманите вредности; Формиран е Национален Комитет за имплементација на МХП; Имплементација на програмот "Црвен крст во акција-Промоција на хумани вредности" (ПХВ); Одржување на дисеминациски сесии со различни целни групи;

4. **СЛУЖБА ЗА БАРАЊЕ** - Службата за барање применува единствена методологија за работа, а во зависност од активностите соработува со различни институции и организации, меѓу кои и Меѓународниот Комитет на Црвен крст, каде што произлегува мандатот на оваа длабоко хуманитарна активност. *Позначајни програмски активности*: поврзување на раздвоени семејства и размена на семејни пораки и молби за барање.

5. **ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНА ДЕЈНОСТ** - Намалувањето на ранливоста на населението на здравствено превентивен план, е една од задачите во работата на Црвениот крст на РМ. На здравствено воспитен план се реализираат повеќе активности во согласност со стратешките определби, мандатот на организацијата и календарот на традиционални активности на Црвениот крст на РМ, со можност за проширување на делокругот на работа преку реализација на програми и проекти. *Позначајни програмски активности*: Намалување на стигмата и дискриминацијата кон луѓето кои живеат со ХИВ/СИДА, и Туберкулоза; Намалување на штети кај интравенозни корисници на droги; Палиативна грижа и домашна нега; Едукација на населението од областите на превентивната здравствена заштита.

   - **ПРВА ПОМОШ** - Првата помош завзема важно место во севкупните активности на организацијата. Континуирано се работи на планот на подготовка на програми по прва помош за разни групи на корисници, како и за едукација на населението што е законска и статутарна обврска на Црвениот крст на РМ. *Позначајни програмски активности:*

     Намалување на ранливоста на населението преку квалитетна едукација за Прва Помош; Курсна настава за прва помош за кандидати за возачи на моторни возила; Курсна настава за прва помош за организации, институции и компании и специфични целни групи.

   - **КРВОДАРИТЕЛСТВОТО** - Црвениот крст на Република Северна Македонија создава нов модел на социјална и граѓанска комуникација, кој е информативен, едукативен, етички и е заснован на научни сознанија. Преку овој модел перманентно се делува кај граѓаните за почитување на принципите во крводарителството и неговото значење за

потребите од безбедна и сигурна крв и за максимална грижа за здравјето на крводарителите. *Позначајни програмски активности*: Промовирање на доброволното крводарување, заради подигање на свеста кај различни целни групи; Формиран клуб на крводарители; Формирање на мрежа за крводарителство, заради размена на искуства за унапредување и развој на доброволното крводарување.

6. **СОЦИЈАЛНО - ХУМАНИТАРНА ДЕЈНОСТ** **-** Социјално-хуманитарната дејност опфаќа широк спектар на активности кои имаат за цел поддршка и помош на ранливото население, како и активности за превенција на населението кое се соочува со разни ризични ситуации. *Позначајни програмски активности:* Обезбедување поддршка и помош на: социјални случаи, лица со посебни потреби, стари и изнемоштени лица, самохрани родители, баратели на азил, како и на социјално-воспитни и образовни институции; Имплементација на проектот *Заеднички развој на заедницата*; Психо-социјална поддршка и помош; Борба против трговија со луѓе.

7. **ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ -** Програмата за подготвеност и дејствување при катастрофи, е една од клучните активности на националното друштво за обезбедување навремена помош за ранливото население погодено од природни катастрофи и катастрофи предизвикани од човекот. Позначајни програмски активности: Обука на професионалниот и волонтерски кадар за одговор во случај на катастрофи; Подигање на јавната свест за самозаштита и заштита во случај на катастрофи; Безбедност на вода; Безбедност на планина.

8. **ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИИ -** Информирањето и комуникациите претставуваат клучен елемент за надградба на капацитетите за заеднички пристап во промовирањето на акциите и вредностите на Црвениот крст на Република Северна Македонија на конкурентен и професионален начин. *Позначајни програмски активности*: Соработка со средствата за јавно информирање; Издавачка дејност: електронски весник, публикации, брошури, постери и флаери.

9. **МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** **-** Континуираната партнерска соработка на Црвениот крст на РМ со компонентите на Движењето, меѓународни и национални организации и институции, компании и други партнери во земјата и странство, претставува постојан предизвик во напорите за обезбедување програмска и проектна поддршка за помош на ранливите категории на население во Република Северна Македонија и пошироко. *Позначајни програмски активности:* Континуирана соработка со Меѓународниот Комитет на Црвен крст и Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина; Унапредување на билатералната соработка со национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина.

10. **МЛАДИ НА ЦРВЕН КРСТ -** Младите на Црвениот крст на Република Северна Македонија претставуваат движечка сила во реализацијата на активностите на организацијата. При задоволувањето на општествените потреби, младите истовремено имаат важна улога како волонтери, но и како значајна целна група која Црвениот крст на Република Северна Македонија ја третира во своите програмски активности. Бројот на млади волонтери на Црвен крст на Република Северна Македонија за 2017 година изнесува

вкупно 1.894 лица. *Позначајни програмски активности:* Вклученост на младите во програмски и проектни активности; Формирани клубови на млади; Размена на искуства со студентските организации и универзитетите во РМ; Ширење на програмите и проектите во регионот и пошироко.

11. **МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ -** Зголемувањето на финансиска стабилност и воспоставување на ефикасен систем за мобилизирање на фондови на национално и локално ниво е постојан предизвик за Црвениот крст на РМ. Воспоставување на ефикасен внатрешен систем за спроведување маркетиншки активности, градење на нормативна рамка за мобилизирање фондови и секако зголемени можности на националното друштво на сите нивоа за успешно обезбедување на материјално финансиски и други средства за потребите на организацијата. *Позначајни програмски активности:* Стратегија за мобилизирање на фондови од корпоративниот сектор; Обезбедување одржливи извори за поддршка на проектни и програмски активности; Воспоставување на соработка со корпоративниот сектор; Обезбедување на средства согласно Законот за Црвениот крст на РМ.